# ПРИЈАВУВАЊЕ ИСПИТИ ЗА ТРЕТАТА ИСПИТНА СЕСИЈА СЕПТЕМВРИ 2025

## Испитна сесија
**25.8.2025 – 30.9.2025**

## Прва декада
**25.8.2025 – 10.9.2025**

**Во првата декада се полагаат испити од непарните, зимски семестри**

**Втора декада**

**11.9.2025 – 30.9.2025**

**Во втората декада се полагаат испити од парните, летни семестри**

**15.8.2025 – 24.8.2025 до 23:59 - електронско пријавување испити**

**Од 25.8.2025 – казнен рок за пријавување***

**Во периодот од 15.8.2025 година до ден пред испит студентите се должни пополнетите пријави за септемвриската испитна сесија за сите испити кои ги пријавиле да ги достават за заверка во Одделението за студентски прашања. По проверка на исполнетоста на условите заверената пријава се враќа на студентот, кој е должен заверената пријава да ја носи со себе на денот на одржување на испитот и да ја предаде на професорот.**

**Право на пријавување и полагање испити во септемвриската испитна сесија имаат само студентите кои последно го имаат запишано летниот семестар за учебната 2024/2025 година.**

**Студент што полагал испит без последно запишан летен семестар за учебната 2024/2025 година подлежи на дисциплинска одговорност и испитот ќе му биде поништен во дисциплинска постапка.**

**Студентите што нема да пријават испит во предвидениот рок немаат право на учество во испитната сесија, освен со посебно овластување од студентската служба.**

* Задоцнето пријавување испит: Доколку студентите не пријавиле испит/испити во определениот рок уплаќа 1000 денари по испит, надоместок за задоцнето пријавување испит/испити, односно задоцнето електронско пријавување испит/испити. Надоместокот за задоцнето пријавување испит/испити, студентите го уплаќаат преку своите профили во iKnow-системот преку Модулот документи, со селектирање Барање за задоцнето пријавување на испит (од 2024), се овозможува извршување уплата во износ од 1000 денари по испит. По реализирањето на уплатата, студентите задолжително доставуваат пополнети пријави за зимската испитна сесија за сите испити кои ги пријавиле за заверка во Одделението за студентски прашања.

**РАБОТНО ВРЕМЕ НА СЛУЖБАТА ВО ПЕРИОДОТ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА Е:**

**11:00 – 15:00 часот.**

**ВО СЛУЧАЈ НА ПРОБЛЕМИ ПРИ ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО РОКОВИТЕ ПИШЕТЕ НА МЕЈЛ АДРЕСАТА НА ВАШИОТ РЕФРЕНТ**

**ВЕ МОЛИМЕ ПРЕД ПРИЈАВУВАЊЕТО ДА ГИ РЕГУЛИРАТЕ ФИНАНСИСКИТЕ ОБВРСКИ КОН ФАКУЛТЕТОТ**

**Се известуваат студентите дека е строго забрането да се вршат корекции на пријавите за испит (корекции со коректор, пенкало кое се брише и сл.) како и да се користат пријави од претходните испитни сесии. Во случај да се констатира ваква неправилност студентот подлежи на дисциплинска одговорност.**

**ВАЖНО: Студентите запишани во академската 2017/2018 година должни се да ги завршат своите обврски согласно студиската програма до 30.9.2025 г.**